Univerziteti i Tetovës - Republika e Maqedonisë së Veriut
Универзитет во Тетово - Република Северна Македонија
Nr.-Бр. 02-4480/2
28.12.2022 viti/год.
Tetovë - Тетово

Врз основа на членот 94, став (1) точка 37 од Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија", број 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија", број 178/2021) и членот 85, став (1) точка 37 од Статутот на Универзитетот во Тетово, Сенатот на Универзитетот во Тетово на седницата одржана на 24.11.2022 година донесе

# П Р А В И Л Н И К

## за начинот на проверка на знаењата на студентите

## на Универзитетот во Тетово

Член 1

Проверката на знаењата на студентите на Универзитетот во Тетово (во натамошниот текст: Универзитетот) по наставните предмети се врши континуирано во текот на наставно-образовниот процес и се изразува во поени.

Член 2

Проверката на знаењата во оделни наставни предмети се врши на начин определен од предметниот наставник, кој се вградува во студиската програма и се спроведува во роковите утврдени со Статутот на Универзитетот.

Член 3

Под поимот **можни начини на проверката на знаењата на студентот** се подразбира прибирање и интерпретација на податоците во врска со постигнатиот успех на студентот/-те, односно и степенот на совладување на материјата на предвидените наставни предмети со студиската програма.

Проверката на знаењата на студентот, односно оценувањето се врши по пат на испитување на тековните и домашните задачи/проекти, колоквиуми, семинарски работи, присуство на предавањата и вежбите и крајниот испит.

Член 4

Оценувањето на вкупните активности се изразува во проценти.

Вкупниот број проценти за проверка на знаењата на студентот е 100 %.

Процентите се собираат при оценувањето на активностите на студентот за одредени обврски кон предметот.

Во силабусот на секој предмет се определува дистрибуцијата на процентите, и тоа:

1. за проверка на знаењето со тест или два колоквиума,
2. проценти од писмен тест,
3. проценти од устен тест (ако се спроведува),
4. процент за присуство, предавања и вежби,
5. процент за пракса (ако се спроведува),
6. процент од активности/индивидуална работа,
7. процент од семинарска /проектна задача.

Член 5

Вкупниот број на сите активности што ќе бидат наведени во предметната програма не треба да бидат повеќе од 100 %.

Наставникот има право да воведе и критериум за успешна реализација на сите критериуми утврдена со предметната програма.

Која било активност на студентот од претходниот став на овој член треба да биде над 50 % од потребите проценти кои се определуваат од таа активнст.

Член 6

Студентите задолжително треба да бидат информирани по секој почеток за силабусот, начинот на оценувањето, и критериумите кои ќе бидат основа за определување бодови за добивање на крајната оценка на конкретниот предмет, односно 51 % од вкупниот број проценти од сите активности кои резултираат со оценка шест и секоја наредна оценка до 10.

Член 7

За исполнување  на обврските за полагање на испити (во делови или во целина) студентот добива оценка изразена во броеви о5 (пет) до 10 (десет) при што оценката 5 (пет) означува недоволен успех.

Завршното оценување задолжително се запишува во пријавата и извештајот, и во индексот  и /или во електронскиот систем доколку е во функција.

Уверението или документот за завршното оценување се издава врз основа на податоците во пријавата за испитот за секоја предметна програма, потпишана од предметниот наставник.

**Член 7-а**

Пред да се финализира завршното оценување предметниот наставник задолжително закажува консултации.

Завршното оценување се финализира не порано од 24 часа  и не подоцна од 48 часа од одржаните кнсултации.

Член 8

Просечниот успех на студентот претставува аритметничка средина на оценките од завршното оценување од сите наставни предмети во текот на студиите на студентската програма вклучувајќи и завршниот испит ако испитот е предвиден во студиската програма.

Член 9

Испитот по еден наставен предмет може да се полага најмногу три пати од кои четвртиот пат по барање на студентот испитот се спроведува пред комисија составена од три члена од наставници од исто или од сродно наставно подрачје.

Комисијата од претходниот став од овој член ја формира деканот на единицата.

Наставникот кај кого полагал студентот не е член на комисијата од став еден од овој член.

Член 10

Студентот во рок од 24 часа од објавувањето на резултатите од завршното оценување може да ја прифати или да не ја прифати оценката.

Во ситуации кога студенот не ја прифаќа оценката има право да поднесе приговор до деканот на единицата на Универзитетот, ако не е задоволен од завршното оценување, односно од оценката, или ако смета дека испитот не е спроведен во согласност со закон со и со Статутот, и актите на Универзитетот и на единицата.

Испитот по еден наставен предмет може да се полага најмногу три пати во редовните испитни сесии во период од една академска година.

Студентот може да полага и четврти пат доколку со одлука на Ректорската управа е дефинирана дополнителна испитна сесија во тековната академска година.

Наставникот кај кого полага студентот не е член на комисијата.

Член 11

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување

**Претседател на Сенат**

**проф. д-р Вулнет Амети**